Врз основа Статутот на Друштвото за филмски работници на Македонија Скопје, Собранието на Друштвото на 09.03.2016 година го донесе следниот :

ПРАВИЛНИК ЗА РАБОТА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредуват надлежносите на Надзорниот одбор, начинот на свикување седница, кворум на Надзорниот одбор, разрешување на член на Надзорен одбор и други прашања поврзани со работата на Собранието.

Член 2

Надзорниот одбор врши увид во работата на органите на Друштвото.

Надзорниот одбор се состои од 5 члена и го сочинуваат Претседателот на Надзорниот одбор, заменик претседател и тројца членови, кои мора да бидат од редот на редовни членови на Друштвото.

Член 3

Членовите на Надзорниот одбор не можат да бидат членови во другите органи на Друштвото.

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор е 4 години, со право на повторен избор.

Член 4

Надзорниот одбор за својата работа одговара пред Собранието на Друштвото.
Работата на Надзорниот одбор е јавна и достапна за сите членови на Друштвото.

II.НАДЛЕЖНОСТИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР

Член 5

Надзорниот одбор ги има следните надлежности :

- Врши контрола врз примената на Статутот и другите општи акти на Друштвото;
- Врши контрола на остварување на правата и извршување на обврските од страна на членовите на Друштвото;
- Врши контрола врз материјално-финансиското работење на Друштвото;
- Врши контрола врз наменското располагање со средствата и приходите на Друштвото;
- Врши контрола на плаќањето на членарина и начините за утврдување на висината на членаринатa;
- Предлага соодветни мерки и решенија за работењето на Друштвото пред Собранието и Управниот Одбор на Друштвото;

RN

- Најмалку еднаш годишно до Собранието на Друштвото поднесува извештај за своите наоди и одлуки;
- Врши контрола на работата на органите на Друштвото и
- Врши други работи регулирани со Статутот и други акти на Друштвото.

Член 6

Надзорниот одбор врши надзор по сопствена иницијатива, најмалку еднаш годишно, а должен да врши надзор и врз основа на заклучок од Собранието на Друштвото.

Член 7

Во текот на вршење на работите од својот делокруг Надзорниот одбор има право да бара,органите на Друштвото се должни да овозможат достапност на податоците од работата на комората.

Член 8

Надзорниот одбор има право и должност да биде запознаен со работата на органите на комората, да бара и да добие навремени известувања од стручната служба за донесени одлуки, заклучоци и други акти на органите на Друштвото, за дневниот ред и времето на закажување на седниците на органите особено на Собранието и има право претставник од Надзорниот одбор да присуствува на седниците на органите, но без право на одлучување.

Член 9

Надзорниот одбор може да покрене иницијатива за предвремено разрешување на орган што го бира Собранието, доколку утврди дека работел спротивно на Статутот на Друштвото и на штета на членовите на Друштвото.

Иницијативата може да биде поднесена доколку постојат недвосмилени докази за работење спротивно на Статутот и за постоење на штета сторена на членовите на Друштвото која членовите на Надзорниот одбор ја донесуваат на своја седница со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на одборот.

Иницијативата се поднесува до Собранието на Друштвото и на следната закажана седница на Собранието ќе претставува точка на дневен ред.

Член 10

Доколку во текот на вршење на работите од својот делокруг и надлежност, Надзорниот одбор утврди работење спротивно од статутот на Друштвото има право и должност да ги извести останатите органи на комората надлежни за преземање соодветни мерки согласно статутот на комората и другите нејзини акти.

На аргументирана констатација на надзорниот одбор истиот може да поднесе иницијатива за свикување на седница на органот или на соодветно постапување.

Иницијативата членовите на Надзорниот одбор ја донесуваат на своја седница со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на одборот.

Иницијативата се поднесува до соодветниот орган со опредложени мерки за соодветно постапување.

Член 11

Надзорниот одбор врши и други работи определени со Статут на Друштвото, или што ќе му ги довери Собранието.

III. СЕДНИЦА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР

Член 12

Надзорниот одбор работи на седници кои ги свикува и со кои претседава Претседателот на Надзорниот одбор.

Надзорниот одбор се состанува по потреба, а најмалку 4 пати годишно.

Надзорниот одбор може по потреба да одржува и вондредни седници кои се свикани по итна постапка.

Член 13

Редовните седници на Надзорниот одбор го свикува Претседателот на Надзорниот одбор, а во случај на негова спреченост заменик претседателот.

Вондредните седници се свикуваат по потреба или на барање на Претседателот на Друштвото или врз основа на заклучок на Собранието на Друштвото.

Член 14

Претседателот на Надзорниот одбор односно заменик претседателот во рок од 10 дена мора да свика вондредна или редовна седница на барање на најмалку 3 члена од надзорниот одбор од денот на прием на барањето.

Член 15

Претседателот на Надзорниот одбор присуствува на седниците на Управниот одбор, а на седниците на Собранието покрај Претседателот присуствуваат и другите членови на Надзорниот одбор.

Член 16

Седница на Надзорниот одбор може да биде одржана со присуство и право на гласање на членовите и преку телефонска конференциска врска.

Член 17

Седниците на Надзорниот одбор се одржуваат во просториите на Друштвото или во друга претходно обезбедена просторија од страна на Друштвото а зашто членовите на Надзорниот одбор ќе бидат известени најмалку 5(пет)дена пред одржување на седницата.

Член 18

Седниците на Надзорниот одбор ги подготвува Стручната служба на Друштвото во соработка со Претседателот на Надзорниот одбор.

Подготовката ги опфаќа следните работи:

- Утврдување на дневен ред;
- Подготовка на писмени материјали за седниците;
- Поканување / известување на членовите на Управниот одбор и други лица (по потреба) за времето и местото на одржување на седницата.

Член 19

При утврдување на Дневниот ред, ќе бидат земени предвид предлозите кои навремено ги предложиле членовите на Надзорниот одбор, најдоцна седум дена пред одржување на седницата.

III.1.КВОРУМ

Член 20

Надзорниот одбор полноважно одлучува ако се присутни над 50% од неговите членови, односно долку се присутни 3 членови.

Надзорниот одбор одлуките ги донесува со мнозинство на гласови од присутните членови, освен ако не е предвидено поинаку со некоја одредба од со некоја одредба од Статутот на Друштвото.

Секој член на Надзорниот одбор има еден глас при одлучување на седницата.

Член 21

За работата на Надзорниот одбор се води писмен записник кој се чува во Стручната служба на Друштвото.

IV. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР

Член 22

Членовите на Надзорниот одбор се должни своите работи да ги извршуваат совесно, одговорно, соособено внимание во интерес на Друштвото и нејзините членови.

Член 23

Членовите на Надзорниот одбор имаат право и обврска да присуствуваат на седниците.

Во случај на спреченост, членот е должен да го извести Претседателот на надзорниот одбор.

Доколку Претседателот на Надзорниот одбор, утврди дека одреден член на одборот намерно изостанува од седниците или не го најавил своето отсуство од најмалку две седници, должен е да го извести Претседателот на Друштвото и има право да поднесе барање за разрешување на членот и назначување нов.

Член 24

Членовите на Надзорниот одбор се должни да го почитуваат Статутот на Друштвото, одредбите на овој Правилник и одлуките што се донесени, независно дали гласале за или против определена одлука.

V. РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА НАДЗОРЕН ОДБОР

Член 25

Член на Надзорниот одбор може да биде разрешен од својата функција и пред истекот на периодот за кој е именуван и тоа :

- по сопствено барање;
- промена на професија;
- поради смрт или трајна спреченост;
- несоодветно извршување на поставените обврски;
- непридржување кон одлуките на органите и Статутот;
- одлука за разрешување донесена од Собраниетои
- престанок на Друштвото.

V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 26

Овој Правилник стапува на сила на денот на неговото донесување.

Член 27

Постапката за измена и дополнување на овој Правилник е иста како постапката за негово донесување.

Претседател на Собранието,

Роберт Наскоv